Друштвото за производство на електрична енергија и топлина ТЕ-ТО АД Скопје е претпријатие чија основна дејност е когенеративно производство на електрична и топлинска енергија во комбиниран циклус и е најголемата гринфилд инвестиција во Република Северна Македонија. Средниот годишен капацитет на постројката е 220 MW за производство на електрична енергија и 160 MW за производство на топлинска енергија. ТЕ-ТО АД Скопје е независен производител на енергија (IPP) кој го снабдува со електрична енергија пазарот во Република Северна Македонија и во регионот, но учествува и на меѓународни пазари. Топлината која се генерира во рамките на производниот процес на постројката се предава на градскиот топлински дистрибутивен систем.

ТЕ-ТО АД Скопје има потреба од вработување на динамична и мотивирана личност за пополнување на 1 (една) позиција:

1. **Помошник во производство - оператор техничар (1 позиција)**

**Опис на работното место:**

Помошникот во производство - оператор техничар е задолжен за следење на производствениот процес и обезбедување на негова непречена работа со навремено препознавање на потенцијалните опасности и спречување на можните препреки во оперативноста на постројката.
Работа во 12 часовни смени, вклучувајќи и ноќна работа.
Редовна контрола на исправноста и функционалноста на целокупната електрична, машинска опрема и автоматика на постројката.
Пријавување на неправилна работа и нејзина евиденција во дневникот за работа. Во соработка со секторот за одржување учество во отстранување на неправилностите.
Редовна и секојдневна проверка на мерната инструментација и состојбата на опремата во постројката, изготвување записи за истата.
Учество во процедурите за старт, управување, исклучување или презервација на постројката.

**Потребни квалификации:**

- ССС машинска или електротехничка стручна спрема
- Способност за работа во тим
- Познавања од основна работа со компјутер
- Познавање на говорен и пишан англиски јазик ќе се смета за предност
- Работно искуство во индустрија и производствени погони ќе се смета за предност
- Искуство со котелски постројки и термотехнички инсталации ќе се смета за предност.

**Придобивки:**

- Работа на state of the art технологија. Можност за професионален развој. Континуирано надградување на знаењето. Пријатна работна атмосфера.

Заинтересираните кандидати можат да се пријават со доставување на кратка биографија. Пријавите се доставуваат преку веб-страната https://www.vrabotuvanje.com.mk/Rabota/409526/Pomoshnik-vo-proizvodstvo-operator-tehnichar/

**Крајниот рок за пријавување е 14.10.2021 година.**